FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

27.02.2022 година, Скопје

**До:**
**Министерство за економија**
**Одговорно лице за контакт**
**Билјана Мицковска**

Врз основа на член 56 став (2) од Законот за животната средина, член 2 став (2) од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина, член 68-а став (4) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија и член 8 од Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција) ги поднесуваме следниве:

## КОМЕНТАРИ КОН НАЦРТ ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ НА ДОБРА ОД ОПШТ ИНТЕРЕС

### 1. Забелешка во однос на член 5 од Нацрт Законот

Во член 5 од Нацрт Законот се наведува: „Концесија на добра од општ интерес може да има за предмет користење на добра од општ интерес регулирани со посебен закон особено во следните области:
1. експлоатација и/или геолошки истражувања на минерални суровини;
2. експлоатација на вода;
3. за употреба на речните и езерските брегови;
4. за пристаништа;
Покрај добрата од општ интерес од ставот 1 на овој член, предмет на концесија на добра од општ интерес може да бидат и други добра од општ интерес кои се утврдени во согласност со закон“.

*Коментар/Прашање:*
Кои се тие други добра од општ интерес кои можат да бидат предмет на концесија, како што се наведува во став (2) од член 5 од Нацрт Законот ?
**Бараме точно да бидат прецизирани, односно наведени сите добра од општ интерес кои може да бидат предмет на концесија**, за да не се остава простор за слободно толкување.

### 2. Надополнување на член 9 од Нацрт Законот

Бараме во член 9 да се предвиди нов став со кој ќе се обезбеди дека информации околу подготвителните работи за доделување на концесија на добра од општ интерес ќе бидат јавно

достапни на интернет страницата на одговорниот орган на државната управа и на интернет страницата на општината на која се наоѓа доброто, како и организирање јавни расправи, дебати како би можело и локалното население, односно засегнатата јавност да биде запознаена и вклучена во целиот процес на доделување на концесија.

**3. Надополнување на член 12 од Нацрт Законот**

Бараме во член 12 да се додаде нов став во кој ќе се предвиди дека Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес, донесена од Владата на Р.С.М. се објавува во Службен Весник на Р.С.М., а Одлуката донесена од Советот на општината се објавува во Службениот Гласник на Општината, најдоцна во рок од 8 дена од нејзиното донесување.

**4. Забелешка во однос на член 11 став (1) од Нацрт Законот**

Во член 11 став (1) од Нацрт Законот се наведува: „Студијата за оправданост на концесија на добра од општ интерес особено вклучува оперативно резиме, општ дел, техничка, финансиска, економска и правна анализа и, доколку е потребно, студија за заштита на животната средина во согласност со одредбите од посебните закони или проценка на прифатливост за еколошката мрежа, каде што е применливо, културни добра и здравство, како и придружни анекси, заклучоци и препораки“.

*Коментар:*
**Бараме зборовите *„доколку е потребно“* од член 11 став (1) од Нацрт Законот да се избришат** и студијата за проценка на влијание врз животната средина да биде задолжителна при издавањето на секоја концесија на добро од општ интерес. Несомнено е дека издавањето на концесии на добра од општ интерес ќе има влијание врз животната средина.

Ова е потврдено и во самиот Нацрт Извештај за проценка на влијанието врз регулативата, каде се наведува: *„Заштитата на животната средина е генерален принцип при доделување на концесиите на добра од општ интерес и основен предуслов за реализација на конкретната концесија. Поточно како еден сегмент од анализата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес е заштита на животната средина кој доколку не е оправдан неможе да се пристапи кон нејзина реализација. Исто така, можни се и негативни ефекти од примената на овој закон,особено при експлоатација на минерални суровини, каде се нарушува еколошкиот сегмент, односно заштититата на животната средина.Оттука, имплементацијата на овој закон е во корелација со законите од областа на животна средина и е неопходно нивно доследно почитување и примена“.*

Заштитата на животната средина и природата добива уште една поголема димензија и со потпишување на Договорот за Зелена Агенда со ЕУ, а кој налага не само применување, туку приоретизирање на заштитата на природата и биолошката разновидност во сите политики на државата.

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

5. Коментар во однос на член 27 став (1) од Нацрт Законот

Во член 27 став (1) од Нацрт – Законот се наведува: „Критериум за избор на најповолна понуда може да биде:

1. економски најповолна понуда што содржи елементи поврзани со предметот на концесијата на добра од општ интерес, како што се:
- износ на надоместокот за концесија,
- квалитет,
- технички карактеристики,
- естетски, функционални и карактеристики на животната средина и
- други елементи предвидени во посебниот закон со кој се регулира предметот на концесијата, или

2. највисок понуден надоместок за концесијата“.

*Коментар:*

Сметаме дека при изборот на понудувач, акцентот треба да биде на исполнувањето на наведените елементи од точка 1, особено во однос на заштитата на животната средина, а не на економските параметри економски најповолна понуда и највисок понуден надоместок за концесијата. Од овие причини, бараме во точка 1 зборот „економски“ и точка 2 да се избришат.

**6. Коментар кон член 37 став (1) од Нацрт Законот**

Во член 37 став (1) се наведува: „Договорот за концесија на добра од општ интерес утврден со овој закон може да се склучи во <u>времетраење до 35 години</u>, сметано од денот на склучувањето на договорот, односно од денот на влегувањето во сила на договорот, доколку овој датум се разликува од претходниот, освен ако со посебен закон поинаку не е уредено“.

*Коментар:*

Сметаме дека 35 години е долг временски период за издавање на одредено добро од општ интерес под концесија. Предлагаме временскиот рок да се намали на 10 или 15 години.

**7. Предлог за дополнување на член 46 од Нацрт Законот**

Во член 46 се наведува: „Концесијата на добра од општ интерес престанува да важи во случај на:
- истекот на рокот на важење на договорот за концесија на добра од општ интерес,
- еднострано раскинување на договорот за концесија на добра од општ интерес од страна на концедентот,
- еднострано раскинување на договорот за концесија на добра од општ интерес од страна на концесионерот,
- спогодбено раскинување на договорот за концесија на добра од општ интерес,
- стечај или ликвидација на концесионерот, освен ако со договорот за концесија на добра од општ интерес поинаку не е предвидено и
- други случаи предвидени со закон и со договорот за концесија на добра од општ интерес“.

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

*Предлог:*
Предлагаме во овој член да се додаде нова алинеја 6, која ќе гласи: „повреда на одредбите на меѓународните конвенции ратификувани во согласност со Уставот и документите донесени од органите на меѓународните ратификувани конвенции“.

**8. Предлог за дополнување на член 51 од Нацрт Законот**

Со членот 51 од Нацрт Законот се предвидува воспоставување на Регистар на концесии на добра од општ интерес и што се конкретно треба да биде инкорпорирано во истиот, а тоа се: назив на концедент; назив на концесионер; датум кога е потпишан договор за концесија на добра од општ интерес; рок на важење на концесијата на добра од општ интерес; датум на истекување на важноста на концесијата на добра од општ интерес; вид и предмет на концесијата на добра од општ интерес; назив на концесијата на добра од општ интерес; област на концесијата на добра од општ интерес (која содржи описни, односно текстуални податоци за концесијата, како и просторни податоци за границата на концесијата претставена со полигон кој е дефиниран со просторни податоци-координати во државниот референтен систем); износ на концесиски надоместок.

Ја поздравуваме оваа новина за воспоставување на Регистар за концесиите, имајќи предвид дека во актуелниот Закон за концесии и јавно приватно партнерство, единствено се предвидува регистар за склучените договори за јавно приватно партнерство.
Но, потсетуваме на член 10 став (1) алинеја 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 101/2019**): „Иматилот на информации е должен да ја информира јавноста преку својата интернет страница со објавување на: - целокупната документација** за јавните набавки, **за концесиите** и за договорите за јавно-приватно партнерство“.

Заради усогласување на член 51 од Нацрт Законот за концесии на добра од општ интерес со член 10 став (1) алинеја 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, **Бараме Регистарот на концесии на добра од општ интерес да ја содржи целокупната документација за одредена издадена концесија на добро од општ интерес** (пр. студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес; процена на вредноста на концесијата на добра од општ интерес; процена на влијанието на концесијата на добра од општ интерес врз животната средина; тендерска документација; склучениот договор за концесија; издадената дозвола за користење на вода; итн.).

**9. Предлог за додавање на уште еден член или нов член 59 во ГЛАВА VII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

Предлагаме Главата VII Прекршочни одредби да се надополни со одредба со која ќе се предвидат глоби доколку:
- Се пропушти некоја од подготвителните работи од член 9, како на пример спроведување процена на влијанието на концесијата на добра од општ интерес врз животната средина;

- Доколку Регистарот од членот 51 на овој Нацрт Закон не ги содржи сите потребни информации, односно целокупната документација за одредена издадена концесија на добро од општ интерес.

**10. Барање за дополнување на Нацрт Законот со Глава VIII НАДЗОР**

Сметаме дека е неопходно во законот да се предвиди орган на државната управа и инспекциски орган кои ќе вршат надзор над спроведувањето и примената на овој закон, бидејќи вака како што е срочен законот, нејасно е кој орган е одговорен за неговото имплементирање.

**11. Забелешка во однос на Нацрт Извештајот за ПВР**

Во Нацрт Извештајот за ПВР за Нацрт Законот за концесии на добра од општ интерес, како засегнати страни се наведуваат претставници на Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија; Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања; Министерството за економија; Министерството за транспорт и врски; Министерство за финансии; Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Град Скопје; ЗЕЛС; Стопанските комори, кои веќе дале свои забелешки на првичниот текст на нацрт законот. Сметаме дека ПВР-то во делот на засегнати страни треба да гиземе предвиди и граѓанските организации кои делуваат во областа на заштитата на животната средина и задолжително да се земат предвид нивните забелешки за овој Нацрт Закон.

**12. Почитување и применување на Законот за животна средина и подзаконските акти**
Како што и во самиот Нацрт Извештај за ПВР се проценува дека овој Нацрт Закон ќе има влијание врз заштитата на животната средина и е потребно доследно почитување и примена на законите од областа на животна средина, потсетуваме на обврската за организирање на јавна расправа и јавен увид на прописот 30 дена, согласно Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина.

Врз основа на член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина, како и член 6 и 8 од Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина, **БАРАМЕ организирање на најмалку една јавна расправа и овозможување дополнителни 10 дена по расправата за доставување коментари од страна на јавноста.**

Со почит,
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“